Јавно комунално претпријатие
ВОДОВОД
Бр. 02-191/5
20. 10. 2020 год.
Илинден, Илинден

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 23 од Статутот на ЈКП Водовод н.Илинден, а во согласност со одредбите од член 1, член 2, член 6, член 8, член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги ( , („Службен весник на РМ" бр. 63/2017), член 5, член 6, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Службен весник на РМ" бр. 7/2016) и Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2021-2023 година УП1.бр. 08-114/20 од 10.09.2020 година на Регулаторната комисија за енергетика, Управниот Одбор на ЈКП Водовод н.Илинден на одржаната седница на 20.10.2020 година ја донесе следната :

# О Д Л У К А

## за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2021-2023 година

### Член 1

Со предметнава одлука, а врз основа на Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2021-2023 година УП1.бр. 08-114/20 од 10.09.2020 година на Регулаторната комисија за енергетика, се утврдува тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2021-2023 година на начин како следи:

| | ТАРИФИ | | |
|---|---|---|---|
| **Година** | **2021 година** | **2022 година** | **2023 година** |
| **Физички лица** | **25,89 ден.** | **26,54 ден.** | **26,58 ден.** |
| **Правни лица** | **48,50 ден.** | **48,30 ден.** | **47,15 ден.** |

На овие тарифи ќе се пресметува + 5% ДДВ и +2% Фонд за води.

### Член 2

Со донесувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2018-2020 година (арх.бр.02-217/5 од 07.12.2017 година) на Управниот одбор на ЈКП „Водовод" н.Илинден, со добиена согласност од страна на Советот на Општина Илинден со Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2018-2020 година (арх.бр.07-263/9 од 31.01.2018 година).

### Член 3

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Илинден.

*О б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на одредбите од член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 23 од Статутот на ЈКП Водовод н.Илинден, а во согласност со одредбите од член 1, член 2, член 6, член 8, член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги, член 5, член 6, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги и Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2021-2023 година УП1.бр. 08-114/20 од 10.09.2020 година на Регулаторната комисија за енергетика, од страна на Управниот одбор на ЈКП ,,Водовод" н.Илинден се одлучи како во диспозитивот .

**Управен Одбор**
**на ЈКП Водовод н.Илинден**
**Претседател**
**Марјан Спасовски**